Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 91 став 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010), членот 160 став 3 од Судскиот деловник („Сл.весник на РМ“ бр.71/2007) и член 46 став 2 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, расправајки за правно прашање од интерес за воедначување на судската практика, на седницата на советот одржана на ден 25.02.2020 година, го утврди следното:

**П Р А В Н О  М И С Л Е Њ Е**

**Надлежен орган за присилна наплата на судски паушал како трошок на постапката е извршителот, кога барањето е поднесено од страна на судовите до извршителот, согласно одредбите од Законот за извршување.**

О б р а з л о ж е н и е

Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 16.10.2019 донесе Заклучок да се расправа по правните прашања поставени од страна на Адвокатско Друштво С&К од С., заради обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите.

Правните прашања произлегуваат од поднесеното барање од страна на Адвокатско Друштво С&К, во кое се укажува на невоедначена судска практика односно неправилно постапување на судовите.

Имено во барањето Адвокатско Друштво С&К, укажуваат на три случаи на незаконско постапување на судовите во врска со примената на член 4 став 5 во врска со став 3 од Законот за Управата за јавни приходи, член 2 од Законот за извршување, член 5, 10, 30, 31, 33 и 34 од Законот за судовите, бидејќи сметаат дека судовите се СТВАРНО НЕНАДЛЕЖЕНИ, кога се работи за наплата на трошоци на судските постапки.

**ФАКТИ:**

**I)** Основниот суд С. со својата одлука ППНИ-1144/15 од 28.12.2015 година го уважил приговорот поднесен од страна на должникот Н.Н од Скопје и утврдил дека извршителот Н.Н сторил неправилности, а налогот за извршување И.бр.581/15 од 22.10.2015 на извршителот го ставил вон сила, со образложение дека надлежен да постапува и да превзема дејствија на присилна наплата за тие трошоци е Управата за јавни приходи, а не извршител.

Во конкретниот случај извршителот врз основа на извршна исправа-Пресуда ПРК бр.336/10-С од 08.04.2010 на Основен суд С, издал налог за извршување за наплата на

износ од 1.000,00 денари  на име трошоци во постапката-судски паушал како главен долг.

**II)** Основниот суд Т. со одлука ППНИ-88/18 од 24.07.2018 година, потврдена со одлука на Апелациониот суд Г. ГЖ.бр.1116/18 од 14.11.2018 година, приговорот поднесен од страна на должникот Н.Н од Скопје, по однос на налогот за извршување И.бр.1399/16 од 11.06.2018 на извршителот Н.Н, го одбил како неоснован, со образложение дека надлежен да постапува и да превзема дејстивија на присилна наплата за овие трошоци е извршителот, бидејки се работи за наплата на парично побарување на судски паушал врз основа на извршна исправа - пресуда, а не се работи за наплата на парична казна, глоба или трошоци изречени во прекршочна постапка во корист на Република Македонија, односно не станува за јавна давачка за кој надлежен орган е Управата за јавни приходи.

Во конкретниот случај извршителот  врз основа на извршна исправа-Пресуда ПРК бр.1192/12 од 19.08.2014 на Основен суд Г, издал налог за извршување за наплата на износ од 1.000,00 денари  на име трошоци во постапката-судски паушал како главен долг.

**III)** Основниот суд С. со ППНИ-1224/18 од 17.12.2018 година, приговорот поднесен од страна на должникот Н.Н од Скопје, по однос на налогот за извршување И.бр.1439/17 од 11.12.2017 на извршителот Н.Н, го одбил како неоснован, со образложение дека надлежен да постапува и да превзема дејстивија на присилна наплата за овие трошоци е извршителот, бидејки се работи за наплата на парично побарување на судски паушал врз основа на извршна исправа-пресуда, а не се работи за наплата на прекршочна глоба, за чија наплата е надлежна Управата за Јавни приходи.

Во конкретниот случај извршителот  врз основа на извршна исправа-Пресуда ПРК бр.2252/15-С од 30.09.2015 на Основен суд Г. издал налог за извршување за наплата на износ од 1.000,00 денари  на име трошоци во постапката-судски паушал како главен долг.

**IV**) Основниот суд С. со одлука ППНИ-163/17 од 20.03.2017 година, потврдена со одлука на Апелациониот суд Г. ГЖ.бр.1123/17 од 31.10.2017 година, приговорот поднесен од страна на должникот Н.Н преку полномошник Н.Н адвокат од Скопје, по однос на налогот за извршување И.бр.121/17 од 07.02.2017 на извршителот Н.Н, го одбил како неоснован, со образложение дека надлежен да постапува и да превзема дејстивија на присилна наплата за овие трошоци е извршителот, бидејки се работи за наплата на парично побарување на судски паушал врз основа на извршна исправа-пресуда, а не се работи за наплата на прекршочна глоба, за чија наплата е надлежна Управата за Јавни приходи.

Во конкретниот случај извршителот  врз основа на извршна исправа-Пресуда ПРК –с бр.6990/14 од 19.10.2015 на Основен суд С. издал налог за извршување за наплата на

износ од 1.000,00 денари на име трошоци во постапката-судски паушал како главен долг.

Во интерес за обезбедување на единство во примена на законите од страна на судовите, Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 10.05.2019 донесе Заклучок, барањето на Адвокатско Друштво С&К од С., да се достави до апелационите судови во Република Северна Македонија за да се произнесат со мислење по поставените правни прашања и судската практика.

Граѓанскиот Оддел на Апелациониот суд во Г. со свој Заклучок донесен со мнозинство гласови се произнесе дека за присилна наплата на трошоците на прекршочна постапка за судски паушал надлежен орган за извршување против должниците е извршителот, след поднесеното барање од судовите до извршителите.

Граѓанскиот Оддел на Апелациониот суд во Ш. со свој Заклучок се произнесе во врска со поставеното правно прашање дека во таквите предмети се постапува по член 2 од Законот за извршување каде е предвидено присилна наплата на судски паушал да врши УЈП.

По однос на конкретното правно прашање како спорно се појавува прашањето кој орган е надлежен за присилна наплата на трошоци во постапката-судски паушал и дали при вакви случаеви ке се применуваат одредбите од Законот за извршување или одредбите од Законот за Управата за Јавни приходи.

**ПРИМЕНА НА МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО**

ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ (Пречистен текст Сл.Весник на РМ бр.50 /13.04.2010)

---

**Член 1**

(1) Со овој закон се уредуваат правилата според кои извршителите постапуваат заради присилно извршување на судска одлука која гласи на исполнување на обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено.

(2) Одредбите на овој закон се применуваат и врз присилно извршување на одлука донесена во управна постапка која гласи на исполнување на парична обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено.

(3) Одредбите на овој закон се применуваат и на извршување на брод и на воздухоплов.

ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ (Сл.Весник на РМ бр.72 /12.04.2016)

(1) Со овој закон се уредуваат правилата според кои извршителите постапуваат заради присилно извршување на судска одлука која гласи на исполнување на обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено.

(2) Одредбите на овој закон се применуваат и врз присилно извршување на одлука донесена во управна постапка која гласи на исполнување на парична обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено.

(3) Одредбите на овој закон се применуваат и на извршување на брод и на воздухоплов.

**Член 2**
(1) Основа за извршување претставува извршната исправа.
(2).Извршувањето започнува по барање од доверителот.
(3) Извршување на извршната исправа може да се спроведува само кај еден извршител
**Член 12**
(1) Извршни исправи се:
1) извршна судска одлука и судско порамнување;
2) извршна одлука и порамнување во управна постапка, ако гласат на исполнување на парична обврска;
3) извршна нотарска исправа,
4) заклучокот на извршителот за утврдување на трошоците на извршувањето
5) решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа донесено од нотар и
6) друга исправа која како извршна исправа е предвидена со закон.

Закон за управата за јавни приходи ("Сл.Весник на РМ" бр.43 /04.03.2014)

Член 4

---

(4) Управата за јавни приходи го управува и извршувањето заради наплата на паричните казни, односно глобите и трошоците изречени во парничните, прекршочните, кривичните и управните постапки во корист на Република Македонија.(5) Одлуката со која се утврдува паричната казна, односно глобата и трошоците изречени во корист на Република Македонија од ставот (4) на овој член, се доставува до Управата за јавни приходи од страна на судот или од надлежниот орган кој ја донел.

Во конкретните случаи бидејќи се работи за наплата на парично побарување на судски паушал врз основа на извршна исправа-пресуда, а не се работи за наплата на парична казна, глоба или трошоци изречени во прекршочна постапка во корист на Република Северна Македонија, односно не станува за јавна давачка за кој надлежен орган е Управата за јавни приходи, Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Северна Македонија го донесе правното мислење како што е погоре наведено.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИК СЕВЕРНА МАКЕКДОНИЈА**
**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА**